Уп. Бр.08-117/2021

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од **KKCG Technologies s.r.o.,** соседиште на Evropska 866/71, Vokovice, 160 00 Praha 6, Република Чешка, преку Адвокатско друштво Поповски и Партнери од Скопје на седницата одржана на ден 01.12.2021 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која **KKCG Technologies s.r.o.,** соседиште на Evropska 866/71, Vokovice, 160 00 Praha 6, Република Чешка, ќе стекне контрола над **Clearcode Services S.A.,** со седиште на Sw. Antoniego 2/4,50-073 Wroclaw, Полска,, по пат на стекнување на удели иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 08.11.2021 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од **KKCG Technologies s.r.o.,** соседиште на Evropska 866/71, Vokovice, 160 00 Praha 6, Република Чешка, со која **KKCG Technologies s.r.o.,,** ќе стекне контрола над **Clearcode Services S.A.,** со седиште на Sw. Antoniego 2/4,50-073 Wroclaw, Полска,,, по пат на стекнување на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**ККЦГ Групацијата** инвестира во различни деловни области, вклучувајќи лотарии и игри на среќа, нафта и гас, недвижности, индустрии и паметни технологии. Групацијата менаџира со повеќе од 30 компании во 18 држави на светот.

Во Република Северна Македонија, ККЦГ Групацијата е присутна на пазарот за работење со терминали за видео лотарија преку следните друштва:

- Друштвото за приредување на игри на среќа КАСИНОС АУСТРИА ИНТЕРНАТИОНАЛ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје, со седиште Булевар Киро

Глигоров бр.2 Скопје- Гази Баба, Гази Баба, со дејност на коцкање и обложување.

- Друштво за приредување за игри на среќа Државна видеолотарија на Република Македонија- КАСИНОС АУСТРИА ДОО Скопје, со седиште Булевар Киро Глигоров бр.2 Скопје- Гази Баба, и дејност на коцкање и обложување.
- Друштво за информатичка технологија СЕАВУС ДООЕЛ Скопје, со седиште 11-Ти Октомври бр.33А/ Центар 1 Скопје- Центар, Центар со дејност компјутерско програмирање и регистрирани дејности во надворешно-трговскиот промет, и
- Друштво за едукација СЕАВУС ЕДУКАТИВЕН И РАЗВОЕН ЦЕНТАР ДООЕЛ Скопје, со седиште 11-Ти Октомври бр.33А/ Центар 1 Скопје- Центар, Центар со дејност друго образование.

**Clearcode Services S.A..** е друштво кои се занимава со развој на софтвер за клиенти за технолошки компании во развој на Adtech I MarTech. Тимот на целосна услуга на Clearcode дизајнира и гради РТБ, програмски, менаџирање со податоци и аналитички платформи. Тие градат нови AdTech и MarTech платформи од почеток и ги интегрираат со или ги надградуваат врз постоечки платформи. Clearcode Services S.A.. нема зависни друштва во РСМ.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конкуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот заштита на конкуренцијата, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**